**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ
Бр. 0204-95/2026
16.07.25 20 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ ЉУБЕЗНОСТ – СКОПЈЕ ВО 2025 ГОДИНА

Иако социјалната правда не секогаш се вбројува меѓу највисоките приоритети во нашата држава, таа е особено значајна и неопходна за Северна Македонија. Причини за тоа се изразеното социјално раслојување и високото ниво на сиромаштија кои, за жал, во последните неколку години бележат пораст. Поради ваквите состојби, важноста на социјалната заштита постепено расте, а за неа сè почесто се разговара и во јавноста и во политичките кругови.

Како и досега, ние од Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје продолжуваме да соработуваме со партнерите од заедницата. Преку заедничките активности спроведуваме програми и обезбедуваме услуги насочени кон подобрување на благосостојбата и социјалната интеграција на ранливите и маргинализираните граѓани кои ги поддржуваме.

Во своето работење се водиме од искуствата и практиките на развиените социјални држави од Европската Унија, кон која се стреми и нашата земја. Нивните успешни методи ги приспособуваме и ги применуваме во домашни услови. Потпирајќи се на овие примери, на нашата визија и на стратешкиот план, настојуваме да создадеме средина во која жителите на Скопје и на Северна Македонија ќе бидат подобро информирани за социјалните предизвици во општеството и поактивно ќе придонесуваат кон нивното надминување.

Нашата цел е крајните корисници да добијат подобар пристап до домување, вработување, здравствена заштита и други јавни услуги и ресурси. Иако нашата визија нема лесно да се преточи во реалност, ние цврсто веруваме дека може да се оствари. Со голема посветеност ја продолжуваме соработката со постојните партнери и истовремено градиме нови партнерства, работејќи за подобра иднина на сите граѓани и на идните генерации.

Активностите кои Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност – Скопје ги врши низ градот Скопје и низ територијата на нашата држава стремат да создадат нови можности и да поттикнат поинаков пристап и поглед кон бездомните луѓе и кон останатите наши граѓани во социјален ризик. Иако нашата работа не е секогаш доволно видлива за јавноста, сепак многу се прави за да се помогне за подобрување на животниот стандард на нашите крајни корисници.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во текот на 2025 година нашата организација продолжи да се развива и да одговора на потребите на граѓаните за хуманитарна помош, вдомување, вработување, како и за социјални, правни, медицински психолошки и други сродни услуги. Ова го постигнуваме со иновативни пристапи, силни партнерства и континуирана едукација во заедницата. Покрај активностите кои ги спроведувавме во претходните години, пилотираме нови советодавни услуги за енергетска ефикасност, намалување на потрошувачката на вода и електрична енергија, специфично советување за легално приклучување на електродистрибутивната мрежа и за справување со долговите на крајните корисници.

Во овој извештај ќе можете да се запознаете со спроведените активности, со постигнатиот напредок, со нашите планови и со идните активности преку кои ќе продолжиме да придонесуваме кон унапредување на социјалната заштита и социјалната правда во Северна Македонија. Веруваме дека положбата на ранливите граѓани може да се подобри преку постојано и внимателно разгледување на потребите на секое семејство и секој поединец, отворена комуникација, собирање релевантни податоци и примена на практични решенија. Ние од оперативниот тим на Љубезност сме посветени на нашата визија за иднината на нашата држава како општество каде бездомништвото и сиромаштијата се надминати со заеднички напор на сите чинители – властите, граѓаните, граѓанските организации, претпријатијата и медиумите.

Наша визија е општество без сиромаштија каде што постојат прифатеност, инклузија и еднакви можности за бездомни и социјално загрозени лица. Мисијата на нашата организација е континуирано образование, помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените лица во процесот на нивна ресоцијализација и реинтеграција.

Нашето здружение делува на целата територија на Република Северна Македонија, со фокус на градот Скопје. Крајни корисници на Љубезност се бездомните лица и другите граѓани во социјален ризик на територијата на Република Северна Македонија.

Стратешки цели на нашата организација се:

1. Намалување на сиромаштијата. Оваа стратешка цел ќе ја оствариме со тоа што ќе вршиме директни посети во престојувалиштата на бездомниците и во домовите на социјално загрозените семејства и поединци, ќе ги идентификуваме нивните проблеми и потреби, ќе ја информираме јавноста и ќе поттикнуваме граѓански активизам за да прибираме донации за овие граѓани.
2. Намалување на невработеноста. Оваа стратешка цел ќе ја оствaруваме преку идентификување на работоспособните бездомници и социјално загрозени лица кои сакаат да се вработат и нивна поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд. Дополнително, нашето здружение во своите програмски активности директно работно ќе ангажира некои од бездомните и социјално загрозените лица.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




3. Намалување на бездомништвото. Проблемот со бездомништвото ќе го решаваме со програми за вдомување, обезбедувајќи економични станбени простори со ниски закупнини и поволни услови за живеење за бездомни семејства и поединци. Ние ќе вршиме и реновирање на домовите на сиромашните семејства кои живеат во супстандардни услови за да го зголемиме квалитетот на нивното домување.

4. Унапредување на состојбата на бездомните и социјално загрозените лица. За остварување на оваа цел Љубезност ќе работи на упатување, советување и поврзување на бездомните и социјално загрозените лица и ќе им обезбедува социјални услуги, медицинска помош и психолошка поддршка.

5. Организациски развој на Љубезност. Со остварување на оваа цел ќе се овозможи зголемување на бројот на корисници кои ќе ги опслужуваме, зголемување на обемот на услугите и на хуманитарната помош која ќе им ја даваме, но и диверзификација на нашата работа, односно ќе бидеме во можност да вршиме нови сродни услуги кои во моментов не им ги нудиме на нашите корисници. Растот и развојот на нашата организација ќе придонесат кон остварување на нашата визија и мисија и на другите стратешки цели на Љубезност.

И во текот на 2025 година Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност продолжи да се води од својата визија и својата мисија, така што сите спроведени активности беа усогласени со нив и беа насочени кон остварување на нашите стратешки цели.




## ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Во 2025 нашето здружение го продолжи својот организациски раст и развој, со кои покрај тоа што продолживме со активностите кои беа спроведувани во претходната 2024 година, нашето работење и понатаму се карактеризира со концентрична диверзификација на активностите. Тоа значи дека програмата на Љубезност се збогати со нови сродни активности поврзани со претходните, кои придонесуваат кон остварување на визијата и мисијата на нашата организација.

Во оваа година Љубезност ги задржа седумте професионалци кои се во редовен работен однос. Покрај нив, беа ангажирани три нови вработени - координатор на Центарот за социјална инклузија, социјален работник и окупационен терапевт. Организацијата се збогати и со неколку нови волонтери и практиканти, а успеавме да обезбедиме и пет нови грантови од институционални донатори и со тоа да отпочнеме со реализација на исто толку донаторски проекти. Во 2025 година продолживме да ги надградуваме вмрежувањето со други сродни здруженија, соработката со институциите и знаењето на нашите членови и вработени преку зголемено искуство и постојано обучување во разни области.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




Согласно статутот, со Љубезност раководат претседателот на здружението Тони Станковски и Управниот одбор, во кој покрај претседателот членуваат уште шест члена во состав: Тони Станковски, Михајло Гурев, Македонка Аризанова, Игор Богатиноски, Дехран Хајдар, Маја Велкова и Славица Спасова. Под раководство на претседателот функционираат програмскиот кадар и извршната канцеларија, чиј состав се приспособува на моменталните потреби и можности на нашата организација. Надзорот врз работата на органите на здружението го врши Надзорниот одбор, составен од пет члена: Ратко Ристески, Драгољуб Софрониев, Тони Гоцев, Билјана Ампевска Христовска и Јасмина Крстевска.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




## КОМУНИКАЦИЈА И ВИДЛИВОСТ

Нашето здружение уште од своето основање во 2015 година ја препознава важноста на односите со јавноста. Затоа посветуваме значително внимание на комуникациските активности преку кои ги информираме граѓаните, различните општествени чинители и сите заинтересирани страни за работата на „Љубезност". На овој начин го градиме јавниот имиџ и позитивниот публицитет на организацијата, што придонесува за поголема поддршка од граѓаните, институциите, претпријатијата и другите партнери.



Во комуникацијата со нашата целна публика ги користевме следните канали на комуникација:

1. Социјални медиуми (Фејсбук, Твитер, Инстаграм, Јутјуб и ЛинкедИн)
2. Електронски медиуми (телевизија, радио и веб портали)
3. Печатени медиуми (весници и списанија)
4. Веб страна на нашата организација
5. Јавни настани (конференции, јавни трибини, панел дискусии и работилници)
6. Директни состаноци лице в лице, телефонски разговори и онлајн состаноци
7. Електронска пошта и други онлајн канали на комуникација.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Во текот на 2025 година социјалните медиуми најчесто ги користевме за зголемување на видливоста на тековните активности на здружението, како и за пренесување апели за помош на социјално загрозените лица. Преку овие канали се обраќавме до јавноста, граѓаните, претпријатијата и институциите што можат да дадат поддршка. Од социјалните медиуми најчесто го користиме Фејсбук, кој има најголема публика во нашата држава, потоа Твитер, додека останатите платформи ги користиме поретко. На нашиот профил на Фејсбук имаме над 17 илјади следачи. Во текот на годината објавивме 314 содржини, при што најголемиот досег на една наша објава, објавена на 10 мај 2025 година, изнесуваше 31.976 лица, а најголемиот број интеракции на една објава беше 1.086.



И претходно имавме одлична соработка со неколку електронски и печатени медиуми, кои редовно известуваат за нашите активности и за предизвиците со кои се соочуваат бездомните и социјално загрозените лица. Во 2025 година забележавме намален број медиумски објави за Љубезност во споредба со претходните години. Во текот на годината, претставници на здружението вкупно шест пати гостуваа во контактни и утрински емисии на телевизии и радија, меѓу кои Канал 5, ТВ21, ТВ24 и Сител.

Темите на овие гостувања и медиумски стории беа нерегистрираните лица, односно лицата „фантоми“, проектот „ComHome“, сиромаштијата во Македонија, донирањето училишен прибор за деца од сиромашни семејства и други прашања поврзани со нашата работа. Очекуваме оваа успешна соработка со медиумите да продолжи и во иднина, да се одржува и дополнително да се продлабочува, со цел да се зајакне јавниот имиџ на нашата организација и да се зголеми видливоста на нашите активности.

Љубезност има веб домен www.ljubeznost.mk. Во текот на 2025 година, дел од информациите за нашата организација, проектите и вон-проектните активности, крајните корисници, вработените, соработниците, донаторите и партнерските организации беа објавени на нашата веб страница, додека преостанатите информации ќе бидат дополнително внесени во следниот период.

Во 2025 година претставниците на Љубезност учествуваа на седумдесетина јавни настани кои се релевантни за областа на нашето работење, на кои освен што ги промовиравме нашето здружение,

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

нашите проекти и нашите активности, воспоставивме контакти со потенцијални партнери, го зголемивме знаењето на нашата организација и се договаравме за идни активности и проекти со други организации.




Преостанатите комуникациски канали ги користевме за деловна комуникација и кореспонденција со соработниците, донаторите, крајните корисници и институциите на централната и локалната власт.

Комуникациски цели на Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност - Скопје за наредниот период се:

1. Да се гради позитивен јавен имиџ на нашата организација
2. Да се зголеми видливоста на нашата организација, односно да се запознае јавноста со нашите активности на терен
3. Да се запознае јавноста со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат нашите крајни корисници
4. Да се поттикнат разните чинители (централна и локална власт, претпријатија, медиуми, меѓународни организации, граѓани, здруженија на граѓани) да преземат акција за да им помогнат на нашите крајни корисници и
5. Да се намалат предрасудите и стигмата кои постојат кон бездомниците и сиромашните.


Дела на подарување
без очекување
ништо за возврат
е дефиниција за
Вистински Дела
на Љубезност
Edit cover photo
Share a thought...
Вистински Дела На Љубезност
Real acts of kindness
17K followers · 129 following
Community
Professional dashboard
Edit
Advertise


11:00
Post
Kindness
@Ljubeznost
Итно!!!Потребна е помош во плаќање на две кирии на мајка која живее со две мали дечиња. Поради доцнење на плати кои и онака се мали и промена на работно место, поради претходни стари долгови за да не остане со децата на улица замолува за помош. Детали во ДМ
11:21 AM · 13 Nov 25 · 4,942 Views
View post activity
53 Reposts 1 Quote 14 Likes
Most relevant replies
Post your reply


11:00
Post
Kindness
@Ljubeznost
Show translation
Итно! Самохрана мајка оперирана од канцер во тешка здравствена состојба со болно детенце има најава за исклучување на струја поради 4 неплатени сметки за струја. Секој кој е во можност да помогне може да ја најде на платформата ways2help.us семејство бр.11 од итни.
8:27 AM · 25 Jun 25 · 4,310 Views
View post activity
75 Reposts 1 Quote 29 Likes 2 Bookmarks
Most relevant replies
Ivan @igosevski · 25 Jun 25
Replying to @Ljubeznost
Број 10?
Kindness @Ljubeznost · 25 Jun 25
Post your reply


10:56
Post
Kindness
@Ljubeznost
Чичко Ацо има 80 години живее сам со минимална помош,самиот си ја готви храната која му ја носиме, но сега има потреба од мало шпоретче бидејќи претходното му се расипа. Доколку некој има мини шпорет кој може да го донира чичко Ацо би ви бил благодарен.
1:48 PM · 13 Feb 25 · 4,628 Views
View post activity
69 Reposts 1 Quote 48 Likes 1 Bookmark
Most relevant replies
Грев @astrogrev · 14 Feb 25
Replying to @Ljubeznost and @IamAliceMadness
Се најде ли шпорет, ако не јас имам
Kindness @Ljubeznost · 14 Feb 25
Се најде решо односно една рингла.
Post your reply

## САМОСТОЈНИ ДОНАТОРСКИ АКТИВНОСТИ

1. **Топли оброци за бездомниците.** Приказната на Љубезност започна во 2013 година со подготовка и делење седмични топли оброци за бездомниците. Ова беше нашата прва активност, која почнавме да ја спроведуваме уште додека дејствувавме како неформална група граѓани.

   И во 2025 година, тринаесетта година по ред, секоја сабота од 12 часот делевме топли оброци и конзервирана храна на бездомните лица во Скопје. Храната најпрво се делеше пред Спомен-куќата на Мајка Тереза во центарот на градот, а потоа и на неколку други локации каде што престојуваат бездомници: кај паркингот на булеварот Кочо Рацин, на кејот на Вардар кај Дрво декор и во социјалните згради во Бутел 2.

   Неколку дена пред делењето на оброците собираме состојки и конзервирана храна, донирани од граѓани и претпријатија. Дел од потребните производи ги купуваме со претходно добиени парични донации. Во петок, во соработка со „Ретвитни оброк", се подготвува храната, додека „Љубезност" набавува леб или добива донации од пекарници. Потоа се комплетираат оброците што се делат наредниот ден.

   Дополнителни оброци добиваме од поединечни граѓани, од претпријатија и од вишок храна од организирани настани кои се одржуваат во ресторани и хотели. Во сабота готовите оброци со возило се транспортираат до горенаведените локации каде им се делат на бездомниците.



Во текот на 2025 година, преку платформата Box2Help на граѓанската организација „Направи повеќе“, се набавуваше и конзервирана храна, од која еден дел беше наменет за седмичните оброци. Во активностите околу седмичните топли оброци за бездомници се вклучени разни категории на граѓани од различна социјална (бездомници, работници, пензионери, ученици, бизнисмени, граѓански активисти) и етничка припадност, дел од нив преку донирање храна, а друг дел со волонтирање при собирањето, превозот и распределбата на оброците на крајните корисници.

Меѓу донаторите на храна се и повеќе претпријатија, меѓу кои Жито Лукс, Виталиа, Пастел, Кола, Мардеј и Vienna Insurance Group, како и образовни институции (Гимназија Нова) и граѓански организации, како Еден свет едно семејство, Lions Aetherna, Rotarct, Црвен Крст, Фоколари, Детето од рекламите  и други.

Покрај редовното делење на оброци во саботите, кога имаме можност за тоа, повремено и во помал обем делиме оброци на бездомниците и во другите денови од неделата. Некои од бездомниците кои се крајни корисници на Љубезност почнаа да доаѓаат и во новоотворениот Центар за социјална инклузија за да добијат топол оброк.

Во текот на 2025 година на бездомниците им поделивме вкупно 11 173 топли оброци и оброци составени од конзервирана храна. Од нив, во 52 саботи на бездомниците им беа поделени вкупно 10 552 оброци или во просек по 202,35 оброци седмично. Преостанатите 621 оброк беа поделени во други денови од седмицата.



2. **Донирање хуманитарна помош на социјално загрозени семејства при посети во нивните домови.** Во текот на 2025 година, два или три пати во седмицата, ги посетувавме домовите на нашите крајни корисници - социјално загрозените семејства и поединци. За таа цел имаме развиено база на податоци во која корисниците се рангирани според степенот на приоритет. Базата редовно ја ажурираме и ја дополнуваме со нови потенцијални корисници. Врз основа на овие податоци ги избираме семејствата и поединците што ќе ги посетиме, а посетите ги најавуваме однапред.

   Дел од лицата изложени на ризик од бездомништво или други социјални ризици самостојно ни се обраќаат или ги посетуваат нашите канцеларии за да побараат помош. Дополнително, преку социјални медиуми и директни контакти се запознаваме со потребите и со адресите или локациите на нови крајни корисници на кои им е потребна нашата помош. При посетите најпрво ги детектираме потребите на секое индивидуално семејство посебно и потоа од нашиот магацин земаме пакет со донации кои се најсоодветни за задоволување на овие потреби. При посетите на семејствата им се даваат материјални донации во храна, средства за хигиена, лекови, облека, обувки, постелнина, мебел, апарати за домаќинство, компјутери и мобилни телефони. Посетите ги спроведува мобилен тим, согласно со претходно утврдените потреби на семејствата и поединците. За секој теренски ангажман однапред се подготвува маршрута, со цел поефикасно организирање на посетите и намалување на трошоците за превоз.



   Мобилниот тим на Љубезност вклучува професионален социјален работник кој изготвува социјални карти на корисниците кои ги посетува, и има системски и континуиран пристап кон проблемите кои ги имаат корисниците. Тој им обезбедува психосоцијална поддршка и ги застапува пред државните институции при остварувањето на нивните права од областа на социјалната заштита, како и на други права што им следуваат.

Покрај социјалниот работник, во посетите на семејствата учествуваат и правник, психолог и хаус-мајстор кои се ангажирани од Љубезност. Во последните години, фокусот на работата на мобилниот тим постепено се пренасочува од делење распределба на донации кон обезбедување стручни и практични услуги за крајните корисници. Сепак, суровата реалност покажува дека на граѓаните кои живеат во сиромаштија интервентно им се потребни и материјални донации.

На социјално загрозените семејства во 2025 година им се дадени донации 826 пати, а 143 пати им е донирано на социјално загрозени луѓе кои живеат сами. Напоменуваме дека некои домаќинства и поединци добиле донации повеќе пати во текот на годината.



Донирани се:

- 6 085 килограми разновидна храна,
- 252 килограми средства за хигиена,
- лекови во вредност од 137 457 денари,
- 784 килограми облека,
- 27 пара обувки,
- 38 килограми постелнина,
- 27 парчиња мебел
- 1 компјутер и
- 5 апарати за домаќинство.

3. **Собирање материјални донации од домовите на граѓаните.** За да обезбеди поддршка за претходно наведената активност, „Љубезност" континуирано собира мебел, апарати за домаќинство, облека, обувки, постелнина, храна и средства за хигиена од семејства и поединци кои сакаат да донираат.

   Граѓаните најчесто нè контактираат телефонски или преку Фејсбук страницата на здружението, нудејќи облека што повеќе не им е потребна, вишок храна или други употребливи добра. Во најголем дел од случаите, мобилниот тим на „Љубезност" ги подига донациите директно од домовите на донаторите. Понекогаш, пак, самите донатори ги доставуваат во нашите канцеларии или во магацинот.

   По приемот, донациите се складираат, класифицираат и, доколку е потребно, се препакуваат во нашиот магацин. Тој служи како важна логистичка точка што го поврзува процесот на собирање

и распределба на материјалната помош. Потоа донациите им се доделуваат на социјално загрозените семејства при посетите на нивните домови, согласно нивните потреби.
Во 2025 година од 32 домаќинства кои ги посетивме ги добивме следните количини на донации:

- 424,4 килограми храна,
- 10,1 килограм средства за хигиена
- 110 килограми облека,
- 7 килограми постелнина,
- лекови во вредност од 133 699 денари
- 67 килограми садови за храна
- 4 апарати за домаќинство и
- 4 апарати за мерење притисок.

4. **Добиени донации од правни лица.** Надвор од трајните партнерства и соработката кои ги имаме (а кои се наведени подолу во овој документ), ние постојано добиваме ад хок материјални и парични донации од разни претпријатија, државни институции, граѓански организации и неформални иницијативи. Во 2025 година од 162 правни лица имаме добиено вкупно:

- 9 554,7 килограм разновидна храна,
- 268,3 килограми средства за хигиена
- 160,5 килограми облека
- 22 пара обувки
- 42,5 килограми постелнина
- лекови во вредност од 6 351 денар
- 163,1 килограми играчки и
- 5 ќебиња.



5. **Собирање парични средства преку донаторски кутии.** ЗГ Љубезност има поставено осум донаторски кутии во маркети во потесното градско подрачје на Скопје — четири во маркетите на Веро и четири во маркетите на Тинекс. Во овие кутии граѓаните, по правило купувачи во маркетите, оставаат мали парични донации наменети за поддршка на работата на нашата организација. Во текот на 2025 година, во повеќе наврати беа собрани средствата од сите осум донаторски кутии. Вкупниот износ на собрани донации изнесуваше 65 133 денари.

   Овие средства се користат за набавка на хуманитарна помош за крајните корисници, вклучувајќи храна, средства за хигиена и лекови. Дел од средствата се наменуваат и за алуминиумски садови во кои се доставува храната, административни такси за издавање лични документи, партиципација за специјалистички лекарски услуги, гориво за превоз, како и за други оперативни трошоци поврзани со работата на Љубезност.

## ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП ВО ВРШЕЊЕ УСЛУГИ

6. **Социјални услуги.** Нашата организација има мобилен тим кој ги посетува домовите на социјално загрозените семејства, како и бездомните лица во групните центри, на улица и на други локации каде што престојуваат. Тимот е составен од социјален работник, правник, психолог и медицинска сестра.
   Социјалниот работник е првиот член на тимот што воспоставува комуникација со членовите на семејството. Тој разговара со нив и, врз основа на добиените информации, ги утврдува социјалните ризици, проблемите и потребите на секој член поединечно, но и на семејството како целина. Овие податоци ги внесува во детална социјална карта на семејството.
   Покрај тоа што обезбедува психосоцијална поддршка, социјалниот работник ги упатува корисниците и до другите членови на мобилниот тим — правникот, медицинската сестра и психологот — или до останатите кадри на Љубезност, доколку имаат потреба од донации во храна, облека и средства за хигиена, како и од поддршка за вдомување или вработување.
   Социјалниот работник, исто така, ги поврзува корисниците со јавни установи во кои можат да ги остварат своите права од различни области, како и со други граѓански организации што обезбедуваат услуги кои Љубезност не може директно да им ги понуди.
   Особено важен дел од неговата работа се социјалните услуги. Социјалниот работник директно им помага на семејствата при остварување на правата на социјални трансфери и други права од областа на социјалната заштита. Тој ги придружува корисниците до центрите за социјална работа, им помага во постапките и ги застапува при остварувањето на овие права.
   Дополнително, ги информира корисниците за нивните права од областа на социјалната заштита, помага при обезбедување здравствено осигурување, посредува при добивање лични документи, посредува при вработување и помага при обезбедување поддршка за жртви на семејно насилство. Социјалниот работник одржува и редовен контакт со семејствата, со цел да го следи

нивниот напредок и навремено да ги утврди нивните идни потреби од хуманитарна помош и различни услуги. Во 2025 година на 204 крајни корисници им се извршени вкупно 1 550 социјални услуги. Притоа на социјално загрозените семејства 75 пати им се направени и ажурирани социјални карти.

7. **Правна помош.** ЗГ Љубезност од 2021 година има ангажирано професионален правник. Правната помош што ја обезбедуваме за нашите крајни корисници опфаќа посредување при обезбедување лични документи, како што се изводи од матичната книга на родените и венчаните, лични карти, уверенија за државјанство, како и регистрација на нерегистрирани лица (познати како фантоми). Во голем број случаи, нашите корисници не можат самостојно да ги покријат административните трошоци поврзани со овие постапки и документи. Токму овие трошоци често претставуваат пречка за тие да дојдат до потребната лична документација. Затоа, „Љубезност" ги покрива овие трошоци за своите крајни корисници, со што им го олеснува пристапот до документите што им се неопходни.

Корисниците многу често не се доволно информирани или немаат доволно знаење за постапките за добивање лична документација, како и за остварување права од областа на социјалната заштита. Преку механизмот на придружба од стручно лице — правник — им помагаме полесно да се движат низ овие постапки и да го остварат пристапот до своите права.

Дополнително, нашиот правник ги советува крајните корисници за различни граѓански постапки и ги упатува кон соодветните институции. Кога е потребно, корисниците се поврзуваат и со организации што обезбедуваат



бесплатна правна помош или се упатуваат кон системот на секундарна правна помош во рамките на Министерството за правда. Правникот се грижи и за заштита на човековите права на корисниците, како и за нивна заштита од дискриминација врз основа на социјалниот статус.
Во текот на 2025 година правна помош и помош во добивање документи им беше дадена 2 677 пати на 292 различни крајни корисници.

8. **Медицинска помош.** Почнувајќи од оваа 2025 година повеќе немаме ангажирано медицинска сестра во Љубезност. Меѓутоа, нашиот психолог е и едуцирана медицинска сестра која врши услуги на медицинска помош. Таа се состои во донирање и администрирање на соодветна терапија со медикаменти врз основа на рецепт од матичен лекар или извештај од специјалист, посредување при набавка и достава на лекови, насочување на корисниците до здравствени домови за подигање извештаи и потврди, придружба до здравствени институции, проверка на здравственото осигурување на корисниците, пренасочување за специјалистички и супспецијалистички прегледи, советодавни медицински разговори, мерење на витални параметри (крвен притисок, пулс, температура) и мерење на гликемија (шеќер во крвта). Најмалку еднаш неделно одржуваме колегиуми на кои врз основа на претходно направената социјална карта се разговара за пресретнување на детектираните потреби за давање на медицинска помош на секој поединец и семејство. На колегиумите се утврдуваат идните чекори кои треба да се преземат, како што се воспоставување и одржување на постојана или повремена телефонска комуникација со секој поединечен корисник кој има некоја хронична болест или моментален ризик кој може сериозно да го загрози неговото здравје или живот за да му дадеме совети и да ги следиме состојбата и напредокот кај секој од нив.
Некои од нашите крајни корисници немаат ни здравствено осигурување. Иако секој македонски државјанин има законски загарантирано право на здравствено осигурување, некои од нашите корисници не се информирани или не се способни да ја спроведат постапката во Фондот за здравствено осигурување за да си го остварат ова свое право. Затоа ние ја спроведуваме оваа постапка во нивно име. Откако ќе им обезбедиме здравствено осигурување, понекогаш вршиме посети по домовите на крајните корисници, а по потреба ги придружуваме и на прегледи кај доктори специјалисти во болници и здравствени домови. Понекогаш подигнуваме упати, резултати и друга здравствена документација наместо крајните корисници, која им ја предаваме на следната средба со нив. Во тековната година на 288 крајни корисници им се дадени вкупно 1 343 медицински услуги, а во јавниот систем за здравствено осигурување се вклучени 53 крајни корисници.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

9. **Психолошки услуги.** И во 2025 година психолошката поддршка за нашите крајни корисници е редовна активност на нашата организација. Задача на психологот е да им дава психолошка поддршка на крајните корисници заедно со другите членови на мобилниот тим, да ги детектира проблемите и предизвиците со кои тие се соочуваат, да формулира соодветен пристап за нивно решавање прилагоден на специфичната ситуација и по потреба, во одредени случаи да дава медикаментозна терапија на корисниците која претходно им е препишана од специјалисти или матични лекари.

Психологот воспоставува контакти со корисниците од базата на податоци, преку посетите на постоечките крајни корисници и преку првичните средби со потенцијалните нови корисници. Прво прави психодијагностика на корисниците која може да оди во насока на проценка на актуелната состојба и утврдување или отфрлање на соодветна психијатриска дијагноза од категоријата Ф. Потоа се спроведува советодавен разговор, а доколку има потреба, корисникот се упатува на понатамошни испитувања или лекување кај специјалист психијатар, со посредство на матичниот лекар. Психологот понатаму одржува редовна комуникација со крајните корисници, телефонски или лице в лице, со цел континуирано следење на нивната состојба.

Како дополнителна поддршка, психологот по потреба им обезбедува советодавна помош и на останатите членови на тимот на Љубезност, особено во справувањето со притисокот и тежината на работните задачи. Нашата организација работи со целни групи со кои, по правило, е тешко да се работи од повеќе аспекти, па ваквата поддршка е важна и за зачувување на функционалноста и стабилноста на тимот.

Во тековната година на 155 различни крајни корисници им биле извршени вкупно 1 067 психолошки услуги.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ДРУГИ САМОСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

10. **Програма за волонтери.** Бројот на волонтерите на Љубезност и во 2025 година се зголемува. Во оваа година продолживме со вклучување на граѓаните кои се заинтересирани да соработуваат со нас и на било каков начин да се вклучат во активностите на нашето здружение и да придонесат кон нашите цели. Во работењето на Љубезност во 2025 година беа вклучени 50 волонтери кои беа ангажирани вкупно 868 работни денови во текот на годината. Сите волонтери беа ангажирани неформално, и во оваа година немавме лица ангажирани со договори за волонтирање кои добиваат соодветни надоместоци на трошоците за нивниот волонтерски ангажман.

Нашата волонтерска програма, иако неформална, е широка и опфаќа различни видови ангажмани. Дел од волонтерите се вклучени во собирање донации од членови, граѓани и компании, како и во нивна дистрибуција до домовите на социјално загрозените семејства. Други волонтери помагаат во магацинот на здружението, додека трети учествуваат во подготовката и распределбата на седмичните топли оброци.

Некои волонтери се вклучуваат повремено, најчесто за еднократни активности или за активности што се повторуваат во одредени периоди. Други, пак, се дел од Љубезност со години и, на сопствена иницијатива, редовно се вклучуваат во секојдневното работење на организацијата.

Дури и дел од персоналот на здружението кој е во редовен работен однос повремено учествува во волонтерски активности. Некои од вработените, пак, својот ангажман во „Љубезност“ го започнале токму како волонтери.

Накратко, волонтерите се еден од клучните ресурси во работењето на „Љубезност“. Тие се вклучени во сите активности и области на работа на здружението, а без нивната поддршка организацијата не би можела да функционира на начинот на кој функционира денес.



11. **Вдомување со поддршка.** За бездомни лица се сметаат оние кои немаат постојано место на живеење. Во оваа категорија спаѓаат луѓето кои живеат на улица, во шелтери или прифатни центри, како и оние кои престојуваат во несигурни и небезбедни живеалишта, вклучувајќи и привремено сместување кај пријатели или роднини. Од сите нив, најзагрозени се оние кои припаѓаат на првата категорија, односно оние кои живеат на отворено. Поради лошите услови за живот, нивниот просечен животен век е околу дваесет години пократок од оној на останатите граѓани.

    Намалувањето на бездомништвото е една од стратешките цели на Љубезност. Овој проблем може трајно да се реши единствено преку програми за вдомување, бидејќи лицата што се соочуваат со бездомништво најчесто немаат реална можност самостојно да го решат своето станбено прашање. Дури откако ќе добијат стабилно домување, тие можат да го продолжат процесот на ресоцијализација, да се вклучат поактивно во општеството и да размислуваат за вработување. Во рамките на своите можности и капацитети, нашата организација обезбеди домување за неколку бездомни семејства во станови под закуп. Закупнината за овие станови ја покрива „Љубезност", а на вдомените лица им помагаме и со дел од режиските трошоци за домување, како што се електрична енергија, греење, вода и комунална хигиена.

    

    За таа цел најдовме економични соби и станови со поволни услови за живеење за бездомните семејства и за бездомниците – самци. Им помогнавме во подготовката на договори за закуп склучени помеѓу корисниците и сопствениците на станбените објекти, со клаузула дека Љубезност може да ја плаќа закупнината доколку е во можност да го направи тоа. Нашите вработени редовно ги посетуваат вдомените бездомници и вршат мониторинг на нивното домување за тие да се стекнат со соодветни хигиенски, станбени и домаќински навики и да го променат начинот на живот на подобро. Доколку има потреба за тоа, на поранешните бездомници им даваат и материјални донации во храна, лекови, средства за хигиена и облека и им вршат правни и медицински услуги. Ние вдомувавме бездомници во текот на целата 2025 година, за што плативме 79 месечни закупнини во вкупен износ од 447 767 денари за сместување на 12 бездомни семејства со вкупно 16 лица. Обемот на вдомувањето и буџетот за плаќање закупнини за вдомување бездомници се значително зголемени во споредба со претходната година поради спроведувањето на проектот „ComHome" во текот на 2025 година.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527881.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

**12. Поддршка и посредување при вработување.** Во 2025 година Љубезност за прв пат ангажира окупационен терапевт кој им дава поддршка на невработените лица за да најдат работа. За нас е многу важно нашите крајни корисници економски да се активираат и да станат самоодржливи, а не трајно да се потпираат на поддршката од јавни установи и здруженија од областа на социјалната заштита. Од ова полза нема да имаат само тие, туку во крајна линија и целото општество. Единствен начин тие засекогаш да излезат од кругот на сиромаштијата е со трајно вработување кое ќе им обезбеди постојан извор на приходи за достоинствен живот. Многу од нив се неконкурентни на пазарот на труд, немаат стручни вештини кои можат да ги понудат ниту пак имаат работни навики и професионален однос за да го задржат евентуално добиеното работно место. Затоа е од суштинско значење да им дадеме секаква помош за тие да се вработат. Окупациониот терапевт им помага да обезбедат вработување кое ќе им овозможи постојан извор на приходи за достоинствен живот. Им изработува работни биографии, а по потреба и мотивациски писма и им дава менторство за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд. Потоа ги пријавува на активни огласи за вработување или им закажува интервјуа за вработување кај потенцијалните работодавци, го следи процесот на нивно вработување и доколку тој се заврши успешно, следи со какви предизвици тие се соочуваат на работното место и дали ќе успеат долгорочно да ја задржат добиената работа.

Во текот на 2025 година им дадовме поддршка и посредување при вработување на десет крајни корисници, од кои три се вработени со наша поддршка.



13. **Магацинско работење.** Материјалните донации кои ги имаме добиено или набавено се транспортираат до магацинот на нашето здружение, каде што се распакуваат, селектираат и распоредуваат на соодветни места според видот на донацијата, со цел полесно ракување и понатамошна распределба. Дополнителна складишна работа е потребна при подготовката на донациите за социјално загрозените семејства. Во оваа фаза, донациите се подигаат, се сортираат, се сложуваат и се пакуваат во пакети, по што се подготвуваат за достава до корисниците за кои се наменети. За складишно работење е ангажиран член на тимот кој работи повремено, а во овие активности му помагаат и неколку волонтери.



Во 2025 година во магацинот на Љубезност се влезени околу 10 200 килограми материјални донации од правни лица и 670 килограми материјални донации од граѓани, од кои најголемиот дел веќе им е дониран на бездомниците и на социјално загрозените граѓани.

14. **Планирање лични финансии.** ЗГ Љубезност продолжи да обезбедува индивидуално менторство и практични совети за четири кориснички семејства и во 2025 година. Оваа поддршка беше насочена кон зајакнување на нивните секојдневни вештини за управување со ограничените финансиски средства, со цел полесно да ги планираат трошоците и поефикасно да одговорат на основните животни потреби. Менторството им помага на семејствата подобро да го организираат личниот или семејниот буџет, да ги препознаат неопходните трошоци и да направат разлика меѓу приоритетните и помалку итните потреби. На тој начин, корисниците добиваат практична поддршка за поразумно трошење, избегнување непотребни расходи и поодговорно користење на средствата со кои располагаат.

   Во рамките на оваа активност, со семејствата се работи на управување со личните финансии, утврдување приоритети при трошењето, планирање на месечните издатоци и создавање навики за штедење, дури и кога приходите се мали и нестабилни. Дополнително, се разговара и за можностите за пронаоѓање дополнителни извори на приходи, согласно капацитетите, вештините и животните околности на секое семејство.

   Поддршката опфаќа и краткорочно и долгорочно финансиско планирање. Краткорочното планирање им помага на семејствата полесно да ги покријат тековните трошоци за храна, сметки, здравствени потреби и други основни издатоци. Долгорочното планирање, пак, има за цел постепено да ја подобри нивната финансиска стабилност и да ги поттикне кон поголема самостојност во управувањето со сопствените ресурси.

Преку ова индивидуално менторство, нашата организација настојува да им обезбеди на корисничките семејства не само моментална поддршка, туку и практични знаења што можат да ги користат во секојдневниот живот. На тој начин, тие добиваат поголема сигурност при донесувањето финансиски одлуки и подобра основа за справување со предизвиците што произлегуваат од животот со ограничен буџет.



15. **Санација и поправки во домовите на крајните корисници.** Од нашето досегашно искуство во изминатите шест години, ја увидовме потребата од санација и поправки во домовите, затоа што нашите крајни корисници немаат можност да платат трошоци за одржување на нивните домови. Се среќаваме со домови каде семејствата живеат во супстандардни услови за живот, иако е потребна само мала интервенција – влага во ѕидот поради протекување на доводна цевка, капење на чешма поради што се плаќаат високи сметки за вода, немање можност за менување на одводни цевки, немање можност да се купи сијалица или фасонка, оштетени штекери со ризик од несреќа со фатални последици итн.

Затоа, од 2024 година почнавме да вршиме реновирање и санација на оштетени и дотраени домови на семејства кои живеат во сиромаштија. Лицето задолжено за реноваторски активности најпрво врши детектирање на потребите на крајните корисници за ситни поправки, санација, реновирање или доградба во нивните домови. Потоа тој ги обезбедува потребните материјали и на крај, со помош на волонтери или други лица ги врши неопходните поправки во домовите на крајните корисници. Во оваа година се детектирани 104 семејства кои имаат потреба од санација на нивните домови, од кои на 99 семејства им се извршени поправки во нивните домови.



## ПАРТНЕРСКИ АКТИВНОСТИ

### Со здруженија на граѓани и други организации

1. **Ways2Help.** Во соработка со здружението Ways2Help од 2020 година па до денес имаме активност за плаќање на заостанати сметки за електрична енергија со приоритет на оние социјално загрозени семејства на кои им е прекината доставата на електрична енергија, а во 2021 почнавме со плаќање и на заостанати сметки за вода. Прво, преку различни канали на комуникација ги

детектираме семејствата кои имаат неплатени сметки. Потоа ги посетуваме овие семејства, преку разговор ја проверуваме и потврдуваме нивната веродостојност и оние за кои што е потврдено дека имаат проблем со редовно плаќање на овие сметки ги поставуваме на заедничката онлајн платформа, а Ways2Help ги објавува и бара потенцијални индивидуални и корпоративни донатори кои преку линк вршат електронско плаќање на посочените сметки. Во текот на 2025 година на овој начин беа платени 867 заостанати сметки за електрична енергија во вкупен износ од 1 912 564 денари на 63 семејства кои живеат во сиромаштија. Истовремено се платени 96 заостанати сметки за вода во вкупен износ од 87 815 денари на 40 семејства. Ways2Help во текот на годината посредуваше и при донирање училишни ранци и училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства.






2. **Направи повеќе.** Здружението на граѓани за хуманитарна работа Направи повеќе во 2022 година ја создаде онлајн платформата Box2Help, преку која се обезбедува поддршка за социјално загрозени семејства и поединци. Платформата функционира преку објавување вистински животни приказни на семејствата на кои им е потребна помош, со што граѓаните и донаторите можат директно да се запознаат со нивните потреби.

   Секое лице што пристапува на платформата може да купи ваучер во различна вредност. Вредноста на ваучерот е поврзана со соодветен пакет составен од храна и средства за хигиена. На овој начин, донацијата се претвора во конкретна материјална поддршка што стигнува до семејствата на кои им е најпотребна.

   Во неколку наврати во текот на месецот, веќе купените пакети со храна, преку paket.mk, се доставуваат до нашите крајни корисници. Овој модел овозможува поорганизирана и поефикасна распределба на помошта, бидејќи донациите се насочуваат кон конкретни лица и семејства според нивните реални потреби.

   Покрај поддршката преку платформата Box2Help, Направи повеќе во текот на 2025 година ни донираше и 3 750 топли оброци и 1 791 леб, наменети за седмичните оброци што ги делиме секоја сабота. Оваа поддршка значително придонесе за редовното обезбедување храна за бездомните лица и другите граѓани во социјален ризик.

   Севкупно, во текот на 2025 година, „Направи повеќе" ни донираше 3.820,8 килограми храна и 76 килограми средства за хигиена. Од овие донации беа подготвени седмични оброци и пакети со храна и хигиенски производи, кои потоа им беа поделени на сиромашните граѓани и семејствата на кои им е потребна поддршка.




3. **Донирање училишен прибор и ранци.** Од 2022 година почнавме со оваа активност во соработка со Ways2help и со неколку претпријатија претежно од информатичкиот сектор, а во летото 2025 година ја повторивме истата. Во јули контактиравме потенцијални донатори, а од нив Опен ГИ, CMX Solutions, Гимназија Ведра, Валтеч и Ways2help позитивно одговорија и во август ни донираа 288 училишни ранци и 231 сет училишен прибор кои претходно ги имаа набавено за оваа активност. Потоа, Љубезност во септември сите училишни ранци и прибори им ги донираше на деца од социјално загрозени семејства.



4. **Тегла плус.** Во октомври 2025 година беа поставени собирни пунктови во маркетите на Веро и Тинекс каде граѓаните ни донираа ајвар, слатко и зимница. Оваа иницијатива ја спроведовме со нашите партнерски здруженија SIEC Macedonia, Асоцијација Мисла, АРНО и Солем. На собирните пунктови беа собрани вкупно 849 килограми храна и 26 килограми средства за хигиена кои им беа поделени на социјално загрозени и други ранливи граѓани.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




**Со претпријатија**

5. **Донирање новогодишни пакетчиња на деца од бездомни и социјално загрозени семејства.** Во јануари 2025 година беа поделени 387 новогодишни пакетчиња, собрани во текот на претходната година. Пакетчињата беа наменети за деца од социјално загрозени семејства.
   Кон крајот на 2025 година повторно започнавме нов циклус на собирање и распределба на новогодишни пакетчиња. За таа цел беа отворени телефонски линии преку кои граѓаните можеа да донираат парични средства за обезбедување пакетчиња за деца од сиромашни семејства.
   Оваа активност ја реализиравме во соработка со Твитер-заедницата dedomraz.mk, „Грабит", „Витаминка", иницијативата Ways2Help, како и со други претпријатија, институции и индивидуални донатори. Со средствата собрани преку телефонските линии беа купени 300

новогодишни пакетчиња. Дополнително, од претпријатија беа донирани 3 877 пакетчиња, а од граѓани уште 8 пакетчиња. Вкупно беа собрани 4 185 новогодишни пакетчиња.

До крајот на декември 2025 година поделивме 3 769 пакетчиња на деца од сиромашни семејства. Дел од нив беа доставени директно преку нашите волонтери, а дел беа распределени со посредство на други организации. Преостанатите новогодишни пакетчиња ќе им бидат донирани на децата од сиромашни семејства по новогодишните празници.





6. **Соработка со компанијата ЦМИкс.** Во текот на целата 2025 година, ова претпријатие редовно ја поддржуваше нашата организација со месечни парични донации во износ од 12 000 денари. Вкупната донирана сума за годината изнесуваше 144 000 денари.
Овие средства беа наменети за покривање на тековните трошоци поврзани со подготовката и распределбата на седмичните топли оброци за бездомните лица. Со донациите беа покриени трошоците за набавка на храна, алуминиумски садови и друг прибор за јадење, како и трошоците за превоз и достава на оброците до крајните корисници.

7. **„Рециклирај и донирај".** Во соработка со компанијата Сунilenс, ги поттикнуваме граѓаните да собираат отпадно масло за јадење од домаќинствата. За собраните количини, нашата организација добива свежо сончогледово масло, кое потоа го донираме на сиромашни семејства и поединци.
Во текот на 2025 година беа собрани 6 567 литри отпадно масло за јадење. За оваа количина беа добиени 1 094 литри свежо сончогледово масло, од кои 524 литри беа донирани на сиромашните. Во процесот на собирање отпадно масло за јадење се вклучија повеќе од 2 000 граѓани.




8. **Соработка со Суниленс.** Покрај маслото што го добивавме преку активноста „Рециклирај и донирај", компанијата Суниленс во текот на целата 2025 година редовно ни доставуваше и дополнителни месечни донации од по 32 литри масло за јадење. На овој начин, во текот на годината добивме вкупно 384 литри масло за јадење.



9. **Во 2025 година имаме добиено донации и од следните претпријатија:**, Пастел, Опен Ги Груп, Валтеч, Атлантик, Жито Лукс, Nextsense, Ендава, IQOS, Парадајз фуд, Кола, МЗТ, UNICEF, Виталиа, Фоколари, Мардеј, Свети Спас, Van Hool, Прокредит Банка, Комбо креативно студио, Cromberg & Shubert и други.

**Со институции на централна и локална власт**

10. **Министерство за социјална политика, демографија и млади.** Ова министерство е најмногу надлежно за работата на Љубезност, а во 2025 година со МСПДМ одржавме шест состаноци на следните теми кои ја поврзуваат работата на Љубезност со работата на Министерството за социјална политика, демографија и млади: за корисниците сместени во поранешниот дом Ранка Милановиќ, статусот на бездомниците во Визбегово, предлог законот за правата на лицата со попреченост, објект за сместување бездомници, Акцискиот план на МСПДМ и предлог законот за социјално домување.

11. **Управа за водење матични книги.** На 10 јануари 2025 година склучивме меморандум за соработка со оваа јавна установа во која правникот и социјалниот работник на Љубезност редовно ги придружуваат и ги застапуваат нашите крајни корисници. Предмет на овој документ се областите за заедничко дејствување на двете договорни страни и тоа:

    - Соработка, информирање и комуникација на договорените страни во решавање на проблемите на корисниците со кои работиме, како заеднички би можеле да доведеме до поквалитетен живот за секој оној кој се наоѓа во тешка положба во некој животен период.

    - Стручните лица на Љубезност, како поддршка на крајните корисници, ги подготвуваат потребните документи за истите уредно и во целост да бидат предадени за апликација во соодветната канцеларија на Управата, за здобивање со определен документ.

    - Во одредени денови да има учество на стручни лица на Љубезност во едно од подрачните одделенија на УВМК на подрачјето на град Скопје или во другите градови во државата, каде би работеле како поддршка на стручните лица во подрачните канцеларии.

    - Потесна соработка на стручните лица од Љубезност со одделенијата на Управата за предмети со специфичен карактер за изнаоѓање начини за решавање на проблемите поврзани со предмети на крајните корисници на Љубезност.

    - Директна комуникација на кадрите на Љубезност со раководителите на подрачните единици на УВМК.




12. **Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје.** Со оваа јавна установа чија дејност е клучна за работењето на Љубезност во два наврати во минатото склучивме меморандуми за соработка, и тоа на 26 јануари и 17 јули 2023 година. Во овие документи се содржани областите за заедничко дејствување на двете потписнички страни, од кои поважни се:

   - Соработка, информирање и комуникација за решавање на проблемите на заедничките корисници
   - Поддршка на проектот „Грижи се"
   - Размена на искуства и добри практики преку разгледување предмети на заедничките корисници
   - Соработка при вршење социјални услуги, правна, психолошка и медицинска помош во домовите на граѓаните во социјален ризик
   - Директна интервенција за помош на жртви на семејно насилство
   - Соработка при вработување на невработени лица во социјален ризик и
   - Изнаоѓање системски и одржливи решенија за вдомување бездомници.

Соработката со Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје дефинирана во овие меморандуми продолжи и во оваа 2025 година во која имавме неколку средби на највисоко ниво за решавање на поединечни и посложени случаи на заедничките корисници на Љубезност и на Центарот за социјална работа.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




**Со образовни институции**

13. **Градинка Wings**. На 17 октомври 2025 година од оваа градинка добивме материјална донација од 37 килограми храна која им ја дониравме на нашите крајни корисници.

14. **Основно училиште Гоце Делчев**. На 22 октомври оваа образовна институција ни донираше 227,75 килограми храна, 37,75 килограми средства за хигиена, 5,4 килограм облека и пет новогодишни пакетчиња.



15. **Гимназија Саба.** На 29 декември од ова училиште добивме материјална донација во износ од 65,5 килограми храна и 22 килограми средства за хигиена.

16. **Јазично студио Кинг од Скопје.** На 29 декември 2025 година оваа образовна институција ни донираше 20 новогодишни пакетчиња и 50 килограми играчки наменети за деца од социјално загрозени семејства.

## ДОНАТОРСКИ ПРОЕКТИ

1. **„ИНТЕГРИРАНА ПСИХОСОЦИЈАЛНА И ПРАВНА ПОДДРШКА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВДОМУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИЦИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2025 ГОДИНА".** Во периодот од мај до јули 2025 година нашето здружение по трет пат спроведе проект со финансиска поддршка од Општината Гази Баба во износ од 30 000 денари. Со него настојувавме директно или индиректно да постигнеме ресоцијализација и реинтеграција во општеството на семејствата и поединците кои се во социјален ризик преку вршење разни професионални услуги за корисниците, нивно вработување, вдомување, советување, поправки во нивните домови, стекнување со животни вештини и донирање хуманитарна помош. Иако во нашето работење применуваме директен пристап на работа на терен со бездомниците и со социјално загрозените лица, обидувајќи се да им помогнеме да ги задоволат своите најосновни потреби, и да градиме систем за континуирано обезбедување хуманитарна помош од претпријатијата и од граѓаните за бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци, ние сакаме тие на долг рок да станат економски независни, а не постојано да се потпираат на помошта и поддршката од државни институции, здруженија и неформални групи кои работат на полето на социјалната заштита.

   Во рамките на проектот беа спроведени следните активности:

   1. Вдомување со поддршка и планирање семеен буџет
   2. Психосоцијална поддршка
   3. Правна помош и помош во добивање документи
   4. Реновирање и поправки во домовите на крајните корисници и
   5. Донирање хуманитарна помош на семејства во социјален ризик.

   Позначајни постигнати резултати:

- Собрани се средства за закупнини во висина од 18 000 денари
- Вдомени се 13 бездомни лица, кои се членови на девет семејства
- Платени се 20 месечни закупнини за сместување бездомници
- Извршени се вкупно 185 социјални услуги

- Вкупно 55 крајни корисници добиле социјални услуги и социјална поддршка
- Вкупно 41 краен корисник добил помош и поддршка при добивање социјални трансфери
- Вкупно 130 крајни корисници добиле психолошка помош
- Вкупно 216 крајни корисници добиле правна помош
- Вкупно 75 крајни корисници добиле помош за добивање лични документи
- Извршени се поправки во 40 домови на крајни корисници
- Материјални донации им се дадени на 106 социјално загрозени семејства и поединци
- Донирани се 1 365,8 килограми храна
- Донирани се 106 килограми средства за хигиена
- Донирани се лекови во вредност од 54 797 денари
- Донирани се 233 училишни ранци и училишен прибор
- Платени се 168 сметки за електрична енергија на 62 социјално загрозени домаќинства
- Платени се 24 сметки за вода на 9 социјално загрозени семејства
- На нашите крајни корисници им се доставени 125 пакети со храна и 53 пакети со средства за хигиена



2. **„ИНТЕГРИРАНА ПСИХОСОЦИЈАЛНА И ПРАВНА ПОДДРШКА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВДОМУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИЦИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО 2025 ГОДИНА".** Во периодот од мај до јули 2025 година нашето здружение по вторпат спроведе проект со финансиска поддршка од Општината Карпош во износ од 100 000 денари.

   Цел на проектот беше да постигнеме ресоцијализација и реинтеграција во оптшеството на семејствата и поединците кои се во социјален ризик преку вршење разни професионални услуги за корисниците, нивно вработување, вдомување, стекнување со животни вештини и управување со лични и семејни финансии

   Целна група и крајни корисници кон кои беше насочена интервенцијата беа бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци на територијата на Општина Карпош.

   Во негови рамки беа спроведени следните проектни активности:

   1. Вдомување со поддршка
   2. Психосоцијална поддршка
   3. Правна помош и помош во добивање документи
   4. Реновирање и поправки во домовите на крајните корисници
   5. Советодавни услуги и
   6. Донирање хуманитарна помош на семејства во социјален ризик.

   Поважни постигнати резултати:

   - Собрани се средства за закупнини за вдомување бездомници во висина од 18 000 денари
   - Вдомени се 13 бездомни лица, кои се членови на девет семејства
   - Платени се 20 месечни закупнини за сместување бездомници
   - Извршени се 185 социјални услуги
   - Вкупно 55 крајни корисници добиле социјални услуги и социјална поддршка
   - Вкупно 41 краен корисник добил помош и поддршка при добивање социјални трансфери
   - Вкупно 130 крајни корисници добиле психолошка помош
   - Вкупно 216 крајни корисници добиле правна помош
   - На крајните корисници им се дадени лекови во вредност од 54 797 денари
   - Добиени се парични и материјални донации од 13 семејства и од 48 претпријатија
   - Собраните донации се доделени на 106 социјално загрозени семејства и поединци
   - Донирани се 1 365,8 килограми храна
   - Донирани се 106 килограми средства за хигиена
   - Платени се 168 сметки за електрична енергија на 62 социјално загрозени домаќинства
   - Платени се 24 сметка за вода на девет социјално загрозени семејства
   - Извршени се поправки во 40 домови на крајни корисници
   - Дадено е менторство за планирање на домашен буџет на пет домаќинства
   - Осум директни корисници добиле советување и менторство за справување со долгови

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X



3. **„ИНТЕГРИРАНА ПСИХОСОЦИЈАЛНА И ПРАВНА ПОДДРШКА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ВДОМУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИЦИТЕ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР".** Иако нашето здружение веќе десет години работи на национално ниво и во Скопје, за прв пат реализиравме проект со поддршка од Општината Центар. Во нашето работење ние применуваме директен пристап на работа на терен со бездомниците и со социјално загрозените лица, и иако се обидуваме на краток рок да им помогнеме да ги задоволат своите најосновни потреби и да градиме систем за континуирано обезбедување хуманитарна помош од претпријатијата и од граѓаните за бездомниците и социјално загрозените семејства и поединци, ние сакаме на долг рок нашите крајни корисници да станат економски независни, интегрирани и продуктивни членови на општеството, а не постојано да се потпираат на помошта и поддршката од државни институции, здруженија и неформални групи кои работат на полето на социјалната заштита.

   Во рамките на овој проект нашето Здружение на граѓани за поддршка на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност - Скопје ги спроведе следните активности:

   1. Вдомување со поддршка
   2. Психосоцијална поддршка
   3. Правна помош и помош во добивање документи
   4. Реновирање и поправки во домовите на крајните корисници
   5. Советодавни услуги и

6. Донирање хуманитарна помош на семејства во социјален ризик.

Со проектните активности и со постигнатите резултати преку интегративен пристап на давање разновидни услуги и вдомување, придонесовме кон ресоцијализација и реинтеграција на бездомниците и на социјално загрозените граѓани кои се наши крајни корисници, што беше и целта на проектот „Интегрирана психосоцијална и правна поддршка и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територијата на Општина Центар", но и придонесовме за подобрување на квалитетот на нивните животи и за нивно општествено вклучување.
Активностите вклучени во овој проект и неговата цел, кои се тесно сврзани со мисијата и стратешките цели на нашата организација, ќе продолжиме да ги реализираме и на среден рок во иднина, што обезбедува одржливост на овој проект. Во текот на спроведувањето на овој проект се потрошени вкупно 30 000 денари, колку што ни беа и доделени како финансиска поддршка од Општината Центар.

Поважни постигнати резултати:

- Собрани се средства за закупнини за вдомување бездомници во висина од 18 000 денари
- Вдомени се 13 бездомни лица, кои се членови на девет семејства
- Платени се 20 месечни закупнини за сместување бездомници
- Извршени се 185 социјални услуги
- Вкупно 55 крајни корисници добиле социјални услуги и социјална поддршка
- Вкупно 41 краен корисник добил помош и поддршка при добивање социјални трансфери
- На крајните корисници им се дадени 582 услуги на психолошка помош
- Дваесет крајни корисници добиле помош за вклучување во јавниот систем на здравствено осигурување
- Вкупно 670 правни услуги им се извршени на крајните корисници
- На 75 крајни корисници им е дадена помош во добивање лични документи
- Направени се 54 поправки и реновирања во домовите на директните корисници
- Извршени се поправки во 40 домови на крајни корисници
- Дадено е менторство за планирање на домашен буџет на пет домаќинства
- Осум директни корисници добиле советување и менторство за справување со долгови
- Вкупно 25 директни корисници добиле совети за штедење електрична енергија и вода
- Дванаесет директни корисници добиле советување или реновирање за енергетска ефикасност на домовите
- На крајните корисници им се дадени лекови во вредност од 54 797 денари
- Добиени се парични и материјални донации од 13 семејства и од 48 претпријатија
- Собраните донации се доделени на 106 социјално загрозени семејства и поединци
- Донирани се 1 365,8 килограми храна
- Донирани се 106 килограми средства за хигиена
- На нашите крајни корисници им се донирани 125 пакети со храна и 53 пакети со средства за хигиена
- Платени се 168 сметки за електрична енергија на 62 социјално загрозени домаќинства
- Платени се 24 сметка за вода на девет социјално загрозени семејства

4. **„TAKE CARE II – INTEGRATED SOCIAL AND HEALTH CARE FOR VULNERABLE POPULATION IN NORTH MACEDONIA".** Грижи се II претставува продолжение на претходно завршениот проект Грижи се, но за разлика од него се фокусира на вдомување бездомници и на лица во социјален ризик. Проектот „Грижи се II" го спроведуваат Фондацијата Македонски Каритас, ЗГ Љубезност и Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце" под раководство на Каритас Австрија во периодот од 1 октомври 2023 до 30 април 2025 година. Грижи се II е финансиран со грант од Австриското министерство за социјална работа, здравствена заштита, грижа и заштита на потрошувачите во висина од 135 000 евра.

   Општа цел на проектот е да им обезбеди достоинствени и долгорочни можности за домување на луѓето кои живеат во сиромаштија и на луѓето кои се во зголемен ризик од сиромаштија и социјална исклученост поради економската криза во државата.

   Проектот е насочен кон најранливите и маргинализираните општествено-економски групи (сиромашните и социјално исклучените лица, бездомниците, жените, девојките и децата) и маргинализираните заедници во Скопје, Тетово и Гостивар.

   Во периодот на спроведување на овој проект се преземаат превентивни мерки и целните групи добиваат интегрирани услуги и домување до кои во спротивно би имале ограничен пристап или воопшто не би имале пристап. Овие услуги се прилагодени на потребите на секое семејство и вклучуваат технички совети и поддршка на директните корисници кај локалните институции за остварување на правата на социјални трансфери, како и помош во решавање на проблемите со домувањето. Дополнително, корисниците на проектот имаат можности да ги развиваат нивните основни општествени, здравствени и финансиски животни вештини.

Специфични цели се:

1. Луѓето засегнати од сиромаштија и луѓето во висок ризик од сиромаштија и исклученост преземаат проактивни мерки за да ја обезбедат сопствената егзистенција и
2. Луѓето засегнати од сиромаштија и луѓето во висок ризик од сиромаштија и исклученост имаат подобар пристап до превентивни мерки и интегрирано вдомување со поддршка за време на економската криза.

Проектни активности:

1. Идентификување на луѓето засегнати од сиромаштија и луѓето во ризик од сиромаштија и социјална исклученост во Скопје, Тетово и Гостивар
2. Одржување работилници и менторство за основни животни вештини за маргинализирани семејства
3. Техничка поддршка и менторство за евалуација на социјалните услуги и трансфери
4. Обезбедување интегрирани услуги за домување
5. Координација, сензитизација и дисеминација и
6. Изработка, презентација и дистрибуција на документ за јавни политики.



Резултати постигнати од Љубезност во периодот јануари – април 2025 година:

- Вкупно 136 сиромашни луѓе и луѓе во ризик од сиромаштија и социјална исклученост добиле проактивни мерки за да се обезбеди нивниот квалитет на живот и да се поддржат нивните домаќинства за време на економската криза
- Три домаќинства добиле обуки и менторство за управување со лични финансии
- Вкупно 14 корисници на Љубезност добиле техничка помош и поддршка за добивање социјални услуги и трансфери
- Четири бездомни семејства со пет члена добиле интегрирана поддршка за вдомување
- Вкупно 136 различни корисници се засегнати со проектот, од кои 82 се жени а 54 се мажи
- Вкупно 86 домаќинства во ризик од бездомништво се директно засегнати со проектните активности
- Вкупно 77 жени, односно 93,9% од жените и девојките добиле специфични тематски социјални и правни совети и поддршка и
- Вкупно 71 лице, односно 52,21% од директните корисници на проектот ѝ припаѓаат на ромската заедница.
- Психосоцијална поддршка – психолошка помош, утврдување на социјални ризици, утврдување на исполнувањето на условите за остварување права на социјални трансфери и придружба на корисниците при нивните посети во Центрите за социјална работа и други институции, им се извршени 196 пати на 40 крајни корисници
- Медицинска помош им е дадена 343 пати на 59 различни корисници
- Правна помош им е дадена 323 пати на 68 крајни корисници
- Поддршка за добивање лични документи им е дадена на 16 крајни корисници
- Регистрирани се две претходно нерегистрирани лица – фантоми и
- Вкупно 11 крајни корисници добиле здравствено осигурување со наша помош

**4. „COMHOME – СПРАВУВАЊЕ СО СИРОМАШТИЈАТА И БЕЗДОМНИШТВОТО ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“** Проектот е раководен од АДРА Австрија, интернационални партнери ни се АДРА Србија, а на национално ниво е раководен и спроведуван од Љубезност во партнерство со АДРР Сонце и Ромски Ресурсен Центар.

Локација и целно подрачје на проектот се Северна Македонија и Србија. Времетраењето на проектот е од октомври 2024 до ноември 2026 година, односно 26 месеци.

Општа цел на проектот е да се подобри квалитетот на живот и да се придонесе за социјална инклузија на бездомните лица и лицата изложени на ризик од бездомништво.

Проектните активности вклучуваат интегрирани мобилни услуги (социјални, правни, психолошки, поправки во домовите, советувања и вдомување) на корисниците, отворање на центар за социјална инклузија, дисперзирани активности во Прилеп и Тетово, активности за градење на капацитетите на организациите, активности за воспоставување на регистар на бездомници и регистар на имот во државна сопственост и застапување и лобирање за донесување на стратегии битни за справување со бездомништвото.

Проектот е финансиран од Федералното министерство за труд, социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија, а вкупниот буџет на проектот изнесува 600 000 евра.



Во периодот јануари – декември 2025 од спроведувањето на проектот беа постигнати следните резултати:

- Извршени се 10 124 интегрирани услуги
- Извршени се интегрирани услуги за 1 473 директни корисници
- Извршени се интегрирани услуги за 152 бездомни лица
- Извршени се интегрирани услуги за 773 лица во ризик од бездомништво
- Корисниците добиле хуманитарна помош вкупно 905 пати.
- Вкупно 1 252 медицински услуги беа извршени за корисниците.
- Медицински услуги беа обезбедени за 183 корисници.
- Извршени се 1 379 психолошки услуги за корисниците.
- Психолошки услуги беа извршени за 183 различни корисници.
- Подобрени се менталното здравје и мотивацијата на 27 корисници, со цел нивна подобра ресоцијализација и станување попродуктивни членови на општеството.
- Вкупно 1 602 социјална услуга е обезбедена за корисниците.
- Социјални услуги беа обезбедени за 481 уникатен корисник.
- Обезбедените социјални услуги го намалија ризикот од бездомништво и други социјални ризици кај нашите корисници.
- Вкупно 27 корисници го подобрија својот квалитет на живот и животниот стандард како резултат на подобрен пристап до социјални трансфери и социјални права.
- Вкупно 72 различни корисници добија пристап до јавниот здравствен систем со наша помош.
- Вкупно 151 корисници добија техничка помош за остварување на нивните права на социјални трансфери и други социјални права.
- На корисниците им се извршени 2 804 правни услуги
- Правни услуги беа обезбедени за 578 уникатни корисници
- Подобрени се можностите корисниците да склучуваат правни договори, да ги остваруваат своите различни права преку правни постапки и нивните права да бидат заштитени.
- Вкупно 15 претходно нерегистрирани лица станаа видливи за институциите на системот и стекнаа право на сите граѓански права затоа што ги регистриравме во Управата за водење матични книги
- Вкупно 35 бездомници се вдомени
- На корисниците им се извршени 2 799 советодавни услуги
- Вкупно 1 240 различни корисници на советодавни услуги
- Како резултат на различните советодавни услуги се подобрени човечките капацитети и животниот стандард на корисниците како предуслов за нивна социјална интеграција и за тие да станат продуктивни членови на нашето општество
- Извршени се вкупно 253 услуги за реновирање во домовите на нашите корисници
- Услуги за реновирање се обезбедени за 100 уникатни корисници
- Извршените поправки го зголемија квалитетот на домување и квалитетот на живот, и го намалија ризикот од бездомништво кај нашите корисници.
- Отворен е центарот за социјална инклузија

- Вкупно 152 крајни корисници добиле услуги на поддршка при вработување
- Два субконтрактори отпочнаа да вршат интегрирани услуги во нивните локални заедници
- Остварена е студиска посета на Австрија
- Одржана е една работилница за застапување и лобирање
- Отпочнати се три нови иницијативи кои придонесуваат кон борбата против бездомништвото
- Идентификувани се девет чинители релевантни за регистарот на бездомни лица
- Одржани се седум состаноци со проектните партнери и разни чинители за алатките за регистрирање бездомни лица




5. **„СКОПСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА ХРАНА - SKOPJE FOOD FESTIVAL".** Овој проект беше финансиран од фондацијата USAID, а го спроведовме во партнерство со Здружението Биди Зелен во периодот од октомври 2024 до јануари 2025 година. Целта на овој проект беше да се мобилизираат локалните ресурси од граѓаните и претпријатијата во заедницата за намалување на отпадот од храна и за негова редистрибуција на граѓаните кои се соочуваат со недостиг од храна.

   Во рамките на проектот, мобилизирањето ресурси се одвиваше преку таргетирање на потенцијалните спонзори, изготвување на барања за поддршка и медиумски материјали за промоција на проектот. Тимот активно работеше на креирање меморандуми и портфолија за барање поддршка, како и на истражување на можностите за привлекување компании што ќе учествуваат во настанот. Беше направена бура на идеи за избор на понудувачи за амбалажи и еколошки материјали, што е дел од мобилизирањето ресурси за одржување на настанот.

Во текот на реализацијата на проектот во јануари 2025 година беа остварени следните клучни постигнувања:

- **Изработка на комуникациски материјали:** Подготвен е нацрт на писмо за привлекување донации од компании. Адаптирано е истото писмо за употреба со амбасади и јавни институции.
- **Истражување и мапирање на потенцијални донатори:** Идентификувани се компании за пијалаци од Македонија (Пивара Скопје, Прилепска пивара, Кожувчанка, Пелистерка, Ладна и др.) кои можат да донираат производи за настанот. Проширена е листата на корпоративни донатори и собрани се нивни контакти (телефон, е-пошта).
- **Спроведување теренски истражувања за логистика и учесници:** Мапирање на угостителски објекти во трговски центри („Сити мол“, „Ист гејт“, „Дајмонд мол“) со цел идентификување потенцијални соработници или донатори (ресторани, кафулиња, брендови). Анализа на посетеност и фреквенција на луѓе во овие објекти.
- **Идентификување контакти:** Наоѓање контакти од Град Скопје за добивање на дозвола за одржување на фестивалот и согледување на други опции во случај на негативен одговор.
- **Истражување и прибирање понуди за одржливи материјали:** Истражени се понудувачи на еколошка и хартиена амбалажа, со споредба на цените и квалитетот.
- **Медиумската видливост** на проектот беше обезбедена преку изготвување текстови за медиумска покриеност, кои беа насочени кон привлекување внимание и поддршка од страна на јавноста и потенцијалните спонзори. Тие беа дел од стратегијата за добивање поддршка од амбасади и други значајни донатори. Тимот работеше на создавање портфолија и други промотивни материјали што ќе се користат за медиумска кампања и презентација на проектот. Вклучувањето на амбасадата на Република Чешка, како и други потенцијални контакти со други амбасади, се планираше како дел од ширењето на видливоста и поддршката за проектот.
- **Научени лекции**: Навремената подготовка и персонализирана комуникација со потенцијалните донатори значително ја зголемува шансата за позитивен одговор. Теренското истражување на угостителските објекти се покажа како ефективна стратегија за да се увиди кои објекти се популарни кај населението.
- **Предизвици**: Тешкотии при добивање контакти, како и неопределеност околу обезбедувањето на посакуваната локација од Град Скопје, што наметна потреба од разгледување алтернативи.

Во месец јануари се спроведуваа подготвителните активности за добивање на донатори и добивање одобрение за одржување на фестивалот. Во исто време се правеа и дополнителни истражувања за потенцијални учесници и спонзори на фестивалот.

Мобилизирањето на ресурси се уште е во фаза на планирање и се одвиваше преку подготовка на нацрт-писма наменети за потенцијални донатори (компании) и адаптација на писмото за различни донатори, истражување на локални компании за пијалаци кои можат да донираат вода и освежителни пијалаци за настанот, проширување на листата со потенцијални донатори, прибирање контакти (телефони и е-пошта), финализирање на писмата и нивна подготовка за одобрување од страна на партнерската организација „Конект".

6. **КУЛТУРНА АКТИВНОСТ: СОЦИЈАЛНА ПРАВДА ПРЕКУ ОДРЖЛИВОСТ НА ХРАНАТА (FOOD ON – WASTE OFF).** Овој проект го спроведовме во јуни 2025 година во Тирана, Албанија во партнерство со организацијата Биди зелен. Буџетот на проектот изнесуваше 1 800 евра. Целта на овој проект е да се поддржи евро-медитеранскиот дијалог и вмрежувањето помеѓу младите и граѓанското општество преку активности кои ги поврзуваат еколошките, културните и социјалните димензии. Активностите кои се одржаа во Тирана претставуваат клучен момент во спроведувањето на проектот фокусирани на вишокот храна. Ова е еден од најгорливите предизвици на 21 век кој ги засега и животната средина и социјалната правда. Поголема количина на се уште употреблива храна редовно се фрла што придонесува за загадување на почвата, воздухот и водата. Во исто време, бројни семејства и поединци се соочуваат со недостиг од храна и се борат да обезбедат еден или повеќе оброци во денот. Оваа спротивност е наша појдовна точка како две организации кои активно работат во двете области – животна средина и социјална заштита. Ние ја препознавме потребата да се подигне свеста за оваа проблематика и да се придонесе преку културен и директен пристап.

Настанот на отворено за готвење храна на плоштадот Скендербег во Тирана имаше за цел да ги адресира фрлањето храна и општествената нееднаквост преку подготовка на оброци од вишок храна која ни беше донирана од зелениот пазар во Тирана. Волонтерите, персоналот на хотелот и членовите на заедницата соработуваа во подготвувањето и поделбата на храната на социјално ранливите групи, потенцирајќи ја поврзаноста помеѓу климатската правда, социјалната правда и отпорноста на заедницата.

Постигнати резултати:

- Целта на проектот да се подигне свеста на јавноста преку учество во Форумот на Фондацијата Ана Линд целосно беше остварена
- Активностите овозможија суштинска размена и поврзаност со организациите низ Евро-медитеранскиот регион, правејќи пат за потенцијална идна соработка
- Подобрени комуникациски вештини и надминати јазични бариери. Преку заедничко готвење, додека седевме на штандот на главниот плоштад Скендербег, се вмрежувавме и јадевме заедно.
- Воспоставени вредни врски со локални чинители во Тирана и обезбедивме активно вклучување на волонтерите во сите фази на имплементацијата – од логистика, преку дистрибуција до досегање на заедницата.
- Широк опсег на досегање на заедницата и видливост преку реализирање на нашиот штанд кој беше поставен на многу посетувана туристичка локација.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X




7. **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА МЕДИТЕРАНОТ СО НАСТАП НА ГРУПАТА LUFTHANSA ВО ПРИЛЕП.** Овој проект го спроведовме во ноември 2025 година во Прилеп, во партнерство со Биди Зелен, Форум за авангардна креативност Прилеп и Општина Прилеп. Вкупниот буџет на проектот изнесуваше 4 000 евра.

   Луфтханза е македонски општествено ангажиран бенд. Тие имаат објавено неколку демо албуми и активно настапуваат на регионалната музичка сцена. Настанот е дизајниран како отворен и достапен перформанс со бесплатен влез и инклузивна атмосфера. Целта е да се привлече широка публика, а особено млади луѓе и недоволно застапени групи и заедници со ограничен пристап до културни активности. Со донесување на музиката во просторот на центарот на заедницата и промовирајќи го преку млади и грасрутс канали на комуникација, со цел да се развие општествената поврзаност, да им се помогне на младите во разбирањето на културната размена. Ние го избравме Прилеп затоа што таму културната сцена е слаба и повеќето од културните настани за 2026 ќе се одржат во Прилеп. Затоа ние одлучивме да земеме активно учество во него.

   Луфтханза е силно поврзана со локалната алтернативна сцена на млади во Скопје и во останатите македонски градови. Нивните концерти често привлекуваат грасрут публика и создаваат инклузивен простор каде што младите луѓе можат да се вклучат во експериментална уметност. Луфтханза ги одразува тежнеењата и фрустрациите на современата македонска младина и тие стануваат глас на идентитетот на заедницата.

   На локално ниво, ние го промовиравме овој музички настан преку постови, стории, фотографии, видеа и детали за настанот, споделени на нашите социјални мрежи и на веб страните на

Љубезност и Биди Зелен. Исто така, ги информиравме локалните весници, радија и телевизии за настанот и го раширивме гласот преку членовите на нашите организации во заедницата. Во соработка со Општината Прилеп, ги употребивме и нејзините канали за да се подигне видливоста на настанот. Покрај настапот, планираме да ги споделиме искуствата и лекциите научени преку работилници, иницијативи во заедницата, презентации, тематски подкасти за да обезбедиме поширока дисеминација и долгорочно влијание.




## ВМРЕЖУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ

Во текот на 2025 година, нашата организација продолжи активно да го развива и зајакнува своето вмрежување со различни партнери од Северна Македонија и од странство. Соработката опфати повеќе граѓански организации, платформи и мрежи на граѓански организации, како и неформални групи на граѓани што работат во области поврзани со социјална заштита, хуманитарна помош, инклузија и поддршка на ранливи категории.

Освен со граѓанскиот сектор, во текот на годината воспоставивме и одржувавме контакти со претпријатија, банки, платформи за донирање парични средства и храна, како и со други субјекти што можат да придонесат кон обезбедување поддршка за нашите крајни корисници. Овие соработки беа важни за проширување на можностите за донации, размена на ресурси и поефикасна реализација на нашите активности.

Исто така, остваривме комуникација и соработка со единици на локалната самоуправа, министерства, институции на централната и локалната власт, меѓународни организации и меѓународни програми. Преку овие контакти настојувавме да ја зголемиме видливоста на нашата работа, да ги претставиме потребите на бездомните лица и социјално загрозените семејства и да отвориме можности за идни заеднички активности и проекти.

Во процесот на вмрежување беа вклучени и образовни институции, како важни партнери во подигнувањето на свеста, поттикнувањето солидарност и вклучувањето на младите во активности од општествено значење. На овој начин, во текот на 2025 година го проширивме кругот на соработници и партнери и дополнително ги зајакнавме капацитетите на организацијата за поефикасно делување во заедницата.

Во тековната година учествувавме на 320 настани и состаноци. На овие средби учествуваа вкупно 859 претставници на Љубезност или просечно имало по 2,68 учесници од Љубезност по средба. Во најзначајните од нив спаѓаат:




1. **Учество на настани на програмата Цивика мобилитас.** Во текот на 2025 година претставници на Љубезност учествуваа на национален форум и информативна сесија на оваа програма.

2. **Организација за домување и станари (НТО) и Организација македонска дијаспора.** Во текот на годината имавме неколку состаноци и учествувавме на неколку настани на НТО и ОМД за реновирање, застапување и лобирање, како и за идна соработка помеѓу Љубезност и овие две организации.

3. **Го Грин.** Со ова здружение во изминатиот период развивме голема доверба и почитување, што беше доволно да ги интензивираме напорите за заедничка соработка и делување. Тоа резултираше со аплицирање и спроведување на неколку заеднички проекти, како и заеднички планови и реализација на оформување на офис хаб, простор кој заеднички го делиме и при тоа правиме оптимизација на режиски трошоци.




4. **Социјалното аташе во Македонија на австриското министерство за социјална политика.** Врз основа на долгогодишна соработка и поддршка од страна на австриското министерство за социјална политика, и во текот на 2025 година имавме можност да го спроведеме проектот ComHome, вклучувајќи и нивно учество во отворањето на Центарот за социјална инклузија Дренак која активност е дел од истоимениот проект. Исто така, како здружение бевме дел од голем број на настани и вмрежување кои се реализираа во организација на австриската амбасада во Скопје.

5. **Фондација Ана Линд.** Оваа фондација даде поддршка на две иновативни идеи кои како проекти се реализираа во 2025 година. Првиот беше Социјална правда преку одржливост на храната (food on – waste off) во Тирана, а вториот беше Одбележување на денот на Медитеранот со настап на групата Луфтханза во Прилеп. Дополнително, учествувавме и на различни настани, вмрежување, семинари и информативни сесии организирани од Фондацијата Ана Линд во текот на годината.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА

1. Продолжување на вдомувањето со поддршка на бездомни лица.
2. Развивање на работата на новоотворениот Центар за социјална инклузија Дренак со активности за окупациона поддршка и тоа: мотивација, осознавање и развивање на работните вештини на крајните корисници, одржување работилници и фокус групи, изработка на професионални работни биографии, посредување за вработување. Исто така, ќе вршиме и психолошко осветување во Центарот.
3. Интегриран пристап на вршење психосоцијална, правна и медицинска поддршка на крајните корисници со ангажирање на мобилен тим.
4. Санација, реновирање и ситни поправки во домовите на социјално загрозените лица и одржување на работилници за животни вештини и енергетска ефикасност на домовите.
5. Одржување, ажурирање и надградба на веб страната на Љубезност.
6. Подобрување и развивање на комуникацијата и видливоста на нашата организација преку социјалните мрежи како канали за комуникација.
7. Ажурирање на етичкиот кодекс на Љубезност.
8. Подготовка на нови предлог проекти за аплицирање на јавни повици за финансиска поддршка од институции на централната и локалната власт.
9. Пријава на повици од Австриското министерство за труд, социјална политика, здравствена заштита, грижа и заштита на потрошувачите, Смарт Балкан, Вишеградски фонд, амбасади и други меѓународни институционални донатори.
10. Продлабочување на соработката со постојните партнерски здруженија од земјата и од странство, платформи и мрежи, неформални иницијативи и групи на граѓани, институции на централната и локалната власт, образовни и здравствени установи и претпријатија и отпочнување соработка со нови потенцијални партнери.
11. Развивање на волонтерството со иницијативи за нови активности и младински граѓански активизам. Продолжување на работилниците за плетење и организирање нови работилници за млади и возрасни.

12. Продолжување на активностите со иницијативата Ways2help за плаќање заостанати сметки за електрична енергија и вода на нашите крајни корисници и за донирање училишни ранци и прибор на деца од социјално загрозени семејства.
13. Продолжување на активноста за плаќање пакети за сиромашните во маркети во соработка со Направи повеќе преку платформата Box2help.
14. Донирање пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители во зимата 2026/2027 година.
15. Застапување на нашите крајни корисници пред институциите на централната и локалната власт и лобирање за измена на регулативата во областите на социјална заштита, справување со бездомништвото, социјално домување и борба против сиромаштијата.
16. Зголемување на обемот на сите други самостојни активности кои ги имавме во 2025 година и прераснување на пилот активностите во постојани активности.
17. Отпочнување со други пилот активности, самостојно или во соработка со други чинители.
18. Отпочнување на постапката за добивање лиценца за вршење социјални услуги.
19. Учество на обуки, семинари, работилници и конференции за градење на капацитетите на здружението и за вмрежување со разни чинители од земјата и од странство.
20. Воведување нови внатрешни правила и процедури во работењето на нашето здружение.
21. Соработка и размена на искуства со партнерски организации од европските земји.
22. Наоѓање нови начини за прибирање средства од индивидуални донатори – граѓани.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Основна сметка**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X




Забелешка: Овие телефонски броеви се активни само во еден период од годината.

Скопје, 09.03.2026 година

ЗГ Љубезност
Изработил
Димитар Илчов

Одобрил
Тони Станковски

Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци • ЉУБЕЗНОСТ • СКОПЈЕ